Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 7 мај 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на МИЛАНОВА КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Свети Николе УП2 09-164/26 од 27 март 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_17_20260318_77 од 18.03.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_17_20260318_77 од 18.03.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

МИЛАНОВА КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Свети Николе до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-164/26 од 27 март 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. УП1 бр. NCC_17_20260318_77 од 18.03.2026 година, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на фотонапонска електроцентрала од 39,44kW инсталирана можност.

Според Електродистрибуција – не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивна мрежа, поради исполнување на капацитетот за приклучок од дистрибуирани производители на енергетските трансформатори во напојната ТС 110/35/10 kV Овче Поле и ТС 35/10 kV Свети Николе.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 24 април 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-164/26 од 27 март 2026 година со прилог:

- Приговараното Решение
- Имотен лист
- Изјава за ставање во употреба на фотонапонска електроцентрала
- Тековна состојба на Друштвото

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од 1 април 2026 година со прилог:

- GIS скица
- Слика од барањето за согласност за приклучување

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека не постојат технички услови за приклучување на објектот.

Согласно член 31 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ' бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) (понатаму: Мрежни правила), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа преку електронската платформа, на корисничкиот профил на барателот во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–164/26**
**7 мај 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**